99

Примено: 09.02.17
Орг. единица: 1403 | Број: 4/3 | Прилог | Вредност

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
Бр. 11-384/3
09.02.2017 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Комитет за следење на ИПАРД

# *Записник од седумнаесеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД*

## *17 Февруари 2016*

Арх. бр. - ______/____

Датум: ________, 2016

Скопје

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

Раководител на Сектор за управување со ИПАРД., Билјана Костовска.

***Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД*:**

1. **Игор Златков**, Директор на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
2. **Абдилгафар Синани**, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Соња Трајкова**, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. **Билјана Петкоска**, Министертво за животна средина и просторно планирање.
5. **Снежана Герасимова-Матеска**, Министерство за култура;
6. **Блажо Јаневски**, Агенција за храна и ветеринарство;
7. **Стеванче Јорданоски**, Федерација на Фармери во Република Македонија;
8. **Вељо Тантаров**, Сојуз на земјоделци;
9. **Наташа Вртеска**, Заедница на единиците на локалната самоуправа;
10. **Робертина Брајаноска**, Македонско Еколошко Друштво;
11. **Ефтим Шаклев**, Асоцијација на земјоделци;
12. **Петар Ѓеоргиевски**, Мрежа за рурален развој на Р.М;
13. **Сашо Ристевски**, Македонска Асоцијација на Преработувачи;
14. **Олга Стоименова**, Здружение на жени земјоделки "Агро-Винка", Виница;

***Присутни заменик членови на Комитетот за следење на ИПАРД:***

1. **Дана Петреска**, СЕП;
2. **Лукман Шакири**, Министерство за економија;
3. **Билјана Б. Златеска**, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. **Никола Таневски**, АППРМ;
5. **Ана Котевска**, Факултет за земјоделски науки и храна.

***Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:***

1. **Џерард Кили**, Директорат за земјоделство и рурален развој,

2. **Елица Живкова**, Директорат за земјоделство и рурален развој.

**Претставници од Европска Делегација:**

1. **Оливие Мас**, Делегација на Европска Унија во Република Македонија,

2. **Маруло Ди Вероли**, Делегација на Европска Унија во Република Македонија.

***Претставници на ИПАРД структурата:***

*Претставници од НАО и НФ :*

1. **Александра Симјаноска**, Министерство за финансии.

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):

1. **Билјана Костовска**, Раководител на Сектор ИПАРД;
2. **Младен Колариќ**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
3. **Виктор Младеновски**, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
4. **Василка Тамбуркова**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
5. **Оливер Стефановски**, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
6. **Јасмина Хаџибулиќ**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
7. **Златко Колевски**, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Ангел Карапетров**, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Саџиде Демири**, Одделение за координација на подготвителни активности за агро-еколошки мерки и „ЛЕАДЕР"
10. **Душко Јакимовски**, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. **Мухадин Лимани**, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. **Гордана Смилеска**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;

13. **Габриела Петрова,** Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови.

*Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):*

1. **Билјана Вуковиќ**, Директор на Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР);
2. **Маја Брајовиќ**, Раководител на сектор за внатрешна ревизија, Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР);

***Резултати: Заменик Претседател на Комитетот и 14 членови и 5 заменици, со право на глас (од вкупно 24 члена со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум од 2/3 од членовите со право на глас за одржување на состанокот согласно Деловникот за работа член 9 став 4.***

***Листа на проверка на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во Прилог 1 од овој Записник.***

***Листа на набљудувачи е прикажана во Прилог 2 од овој Записник.***

II. ДНЕВЕН РЕД

III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

**1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: „Усвојување на предлог Дневниот ред на 17ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"**

Состанокот го отвори Раководителот на Сектор за управување со ИПАРД, Билјана Костовска, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот воедно извинувајќи се во името на Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД г-нот Ванчо Костадиновски кој поради неодложми обврски, не беше во можност да присуствува на состанокот. Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД понатаму беа информирани за предлог дневниот ред за седумнаесеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

По нејзина иницијатива во предлог дневниот ред во точка 4: Состојба на спроведување на ИПАРД Програмата 2007-2013, беше додадена потточка 4.2.: „Активности превземени за подобрување на апсорпција на ИПАРД фондовите".

Претставникот на Асоцијација на Фармери г-дин Шаклев даде забелешка во однос на доставувањето на материјали и одржување на два состаноци во ист ден, со што нема доволно време да се прочитаат истите и дека е веќе побарано истите да се доставуваат по пошта.

РС односно Билјана Костовска се извини за доцната достава притоа образложувајќи дека материјалите не се доставени во ист ден, односно, за 17-тиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2007- 2013, се доставени 10 дена пред одржувањето на состанокот, додека пак, за состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014- 2020- 5 дена пред самиот состанок. Во однос на одржувањето на 2 состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД во ист ден, РС истакна дека истото било претходно договорено со ЕК. За наредните состаноци на Комитетот ќе се избегнуваат вакви доцнења и ќе се направи напор до членовите кои побарале, материјалите да им се достават по пошта.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД во отсуство на забелешки во однос на дневниот ред ја усвоија следнава одлука:

**Одлука бр.1** : Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Дневниот ред за 17[от] состанок **на Комитетот за следење на ИПАРД.**

***Усвоениот дневен ред е прикажан во Анекс 1.***

**2. Во врска со точка 2 од дневниот ред: „Усвојување на Записникот од претходниот (16[ти]) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 07[ми] јули, 2015"**

Раководителот на Сектор за управување со ИПАРД ги информираше членовите во однос на Нацрт Записникот од претходниот (16[ти]) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД кој беше доставен на коментари до сите членови на Комитетот и до присутните претставници на Европска Комисија.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД без забелешки по однос на записникот ја усвоија следнава одлука :

**Одлука бр. 2 :** Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог Записникот од шеснаесеттиот состанок, кој се одржа на 07ми јули, 2015 година, како финален.

*Усвоениот Записник е прикажан во Анекс 2.*

**3. Во врска со точка 3 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (16ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"**

Билјана Костовска, информираше во однос на прогресот за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на шеснаесеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, истакнувајќи кои од нив се реализирани и кои дополнително ќе се реализираат.

Врз основа на поднесената информација, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр.1 :** Комитетот за следење на ИПАРД, беше информиран за напредокот во спроведување на одлуките/заклучоците од 16-тиот Комитет за следење на ИПАРД, одржан на 07.07.2015.

*Извештај на Телото за управување со ИПАРД е прикажан во Анекс 3*

**4. Во врска со точка 4 од дневниот ред: „Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата 2007-2013"**

**4.1. Во врска со потточка 4.1 од дневниот ред: „Следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата преку податоците- индикаторите за следење"**

Раководителот на Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување, Младен Колариќ, го презентираше прогресот и досегашните резултати од спроведувањето на ИПАРД 2007- 2013 Програма и реализација на целите. Во контекст на оваа точка, Директорката на АФПЗРР, Билјана Вуковиќ даде дополнување во однос на поднесени апликации, реализирани договори и договори кои се во тек.

На оваа потточка се надоврза претставникот на Сојуз на земјоделци, Вељо Тантаров, кој постави прашање дали критериумот за доставување на документ кој ќе му послужи на апликантот како доказ дека е член на задруга или аграрно здружение ќе биде причина за одбивање на земјоделците. Како објаснување, односно причина за барање на претходно наведениот документ, директорката на АФПЗРР, Билјана Вуковиќ додаде дека оваа година за прв пат се срекаваме со состојбата да има повеќе барања а помалце расположливи средства- пари. Како резултат на тоа, потребно е рангирање на апликациите. Средства ќе добијат оние апликации кои имаат доволен број на бодови. Дополнителните документи кои што се бараат служат како доказ во однос на тоа дали им следуваат бодови на земјоделците.

Шаклев дополни дека проблем претставува и барањето на доказ во однос на тоа каде апликантот ќе ги продава градинарските производи и од каде ќе набавува репро материјали. Претставникот на Сектор за одобрување на проекти при АФПЗРР, г-дин Никола Димитровски објасни дека она што претходно беше напоменато е пропишано во Програмата, критериумите за бодување се многу јасни , односно двата потребни документа кои што се бараат се исклучиво за бодување како резултат на ново настанатата состојба.

Исто така г-дин Тантаров отвори дискусија во однос на веродостојноста на документите кои земјоделците ги поднесуваат како доказ дека се членови во некое здружение, бидејќи голем број од здруженијата реално не функционираат. Раководителот на Сектор ИПАРД Билјана Костовска, истакна дека идејата на бодувањето не е создавање на фиктивни членови на здруженија ниту фиктивни членови на задруги, односно преку националните политики се дава голема подршка за задругарството и задругите, сметајќи дека здружени земјоделци се силни земјоделци, и затоа се дава предност на оние земјоделци кои што се во здруженија и кои што се во асоцијации. Политиката на МЗШВ е да се промовира задругарството, вистинските здруженија кои што функционираат и кои што се вистински претставници на земјоделците. Здруженијата се потребни и на МЗШВ и на АФПЗРР. Понатаму додаде дека со подрачните единици е направена работна група заедно со Агенцијата за подршка од Битола, формирана од страна на Министерот и се започнаа средби каде што се комуницира со Агенцијата и со подрачните единици се со цел да се оствари подобра соработка како и нивна инволвираност за време на инфо деновите. Г-дин Шаклев посочи дека при прибирање на потребните документи, апликантите треба да се упатат кон здруженија кои се формирани и регистрирани согласно со закон и имаат склучени договори за соработка со министерството.

Претставникот на Директорат за земјоделство и рурален развој, Џерард Кили се осврна на податоците од извештајот и посочи дека треба да се обрне внимание на големиот број на одбиени апликации и отстранување на причините за тоа, што во следниот период би довело до ситуација на зголемен број на прифатливи апликации и ограничен износ на средства. Во еден ваков случај, Оперативните структури ќе треба да донесат решенија за начинот на рангирање и критериумите кои ќе се бараат.

Претставничката на Министерство за култура, Снежана Герасимова-Матеска информираше дека искористеноста на Мерка 302 во однос на културните наследства е минимална, бидејќи руралните средини немаат детален урбанистички план, а со тоа се успорува процесот за добивање на потребните документи, при што апликантите се соочуваат со проблем за навремено доставување на комплетна документација. Руралните средини не се покриени со општи акти за уредување на селата и истото се рефлектира на оваа мерка. При своето излагање таа додаде дека од нив односно од Министерството за култура се бара мислење или согласност во документацијата за проектите и мислење во однос на тоа дали се работи за културно наследство. Доколку не се работи за културно наследство, мислење, не можат да дадат. Во спротивно, доколку се работи за културно наследство, луѓето во старт се откажуваат затоа што процедурите се пресложени, предолги ( дури и да има урбанистички план), а нивниот документ мора да биде претходница на одобрение за градење. За таа цел, таа побара контакти односно средби таа предложи да се направат одредени контакти со МЗШВ со цел да се превземат конкретни активности и да се постигнат договори. РС истакна дека во новата ИПАРД Програма е ставен посебен акцент на оваа мерка а во однос на потребната документација претставникот од АФПЗРР Никола Димитровски кој додаде дека со новата ИПАРД II Програма, сите проблеми кои беа наведени од страна на претставничката на Министерството за култура ќе бидат надминати, односно потребниот документ во однос на тоа дали се работи за културно заштитено подрачје-нема да се бара со новата ИПАРД II Програма како и одобрението за градење да не се доставува на почеток туку во подоцнежна фаза на донесување на одлука.

Претставничката на Директорат за земјоделство и рурален развој при ЕК, Елица Живкова, предложи да се направи детална анализа на причините за одбивање на проектите и да се формира работна група која ќе дискутира за промените кои треба да се превземат во однос на критериумите, бидејќи интересот за оваа мерка е зголемен, а број на реализирани проекти многу мал.

Врз основа на деталната анализа на спроведувањето на ИПАРД 2007- 2013 Програма, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр.2** : Комитетот за следење на ИПАРД ги разгледа резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата преку показатели и податоци за следење на програмата.

***Полугодишен извештај за следење на спроведувањето на ИПАРД програмата за периодот Мај 2014 – Декември 2014 е прикажан во Анекс 4.***

**4.2. Во врска со потточка 4.2 од дневниот ред: „ Активности превземени за подобрување на апсорпција на ИПАРД Програмата "**

Билјана Костовска, информираше за активностите кои се превземени за подобрување на апсорпција на ИПАРД Програмата, односно за воспоставениот гарантен фонд во соработка со УСАИД, со кој ќе биде покриено 50% од хипотеката која се бара за кредитите што ќе ги издаваат банките за проекти од ИПАРД Програмата, како и други проекти во земјоделство и преработувачка индустрија. Прокредит банка започна со издавање на кредити преку овој гарантен фонд, и во текот на месец Март се очекува првиот извештај од оваа банка (колку кредити се издадени и какви) а се очекува да се реализира и соработката со Стопанска банка, Комерцијална банка како и штедилниците Можности и ФУМ. Со цел да бидат информирани земјоделците ќе има промотивни денови, заедно со инфо деновите кои ќе се одвиваат во текот на наредните месеци.

Исто така информираше дека и во Националната програма за рурален развој за 2016 година се предвидени средства и нова национална мерка за субвенционирање на каматни стапки. Оваа мерка е наменета исклучиво за ИПАРД инвестиции. Субвенционирање ќе биде по принцип субвенционирање на кредити на кои каматната стапка не е поголема од 8%, и ќе биде наменета за ИПАРД. Од тие 8%, Министерството ќе субвенционира половина а максималната сума ќе изнесува 500.000 €. Исто така МЗШВ во соработка надворешни консултанти има направено стандардни инвестициони проекти (кои што се по теркот на ИПАРД) од кои дел се готови, а дел се во изработка, и истите ќе бидат бесплатно достапни на земјоделците.

Г-дин Кили истакна дека се направени три битни развојни чекори: гарантниот фонд, субвеционирање на каматни стапки и стандардните инвестициони проекти и постави прашање за можностите за проширување на кредитните инструменти и публицитетот во таа насока.

Билјана Костовска одговори дека во однос на Гарантниот фонд реализирани се информативни денови сопретставници од Про- кредит банка земајќи во предвид дека Министерството не може да се меша во политиката на банките и дека покрај досега одржаните, предвидени се инфо денови и во наредните три месеци. Покрај тоа овие информации ќе бидат достапни на веб страните на ТУ и АПРЗ.

Г-дин Шаклев истакна дека земјоделците се информирани за гарантниот фонд, односно дека дел од нив имаат аплицирано и добиено кредити од Прокредит банка, и исто така предложи инфо деновите да бидат организирани со сите преставници инволвирани во програмата, претставници од големите дистрибутери за механизација и банките. Воедно постави и прашање за можноста да се субвенционира камата за проекти од Националната програма за Рурален развој. Раководителот на Сектор ИПАРД во однос на ова информираше дека искористеноста на средстава од оваа програма е на високо ниво и нема потреба од тоа .

Г-дин Кили коментираше дека од гледна точка на банките, кај успешните ИПАРД проекти, кај кои имаме повеќе од половина грант средства, ризикот на банките е минимален и истите се одлична инвестиција. Од овие причини би требало да се преговара со банките да дадат поголеми можности за пристап до кредити.

**4.3. Во врска со потточка 4.3 од дневниот ред: „Резултати од спроведени повици Извештај за одобрени/ одбиени проекти со причини за одбивање"**

Директорката на АФПЗРР, Билјана Вуковиќ информираше дека бројот на поднесени апликации е зголемен, а со тоа се успорува и процесот за нивна обработка. Најголем број односно 90% од апликациите се доставуваат за механизација и трактори. Исто така информираше дека ИПАРД Агенцијата прави напори што побрзо да се склучат договори за да нема преклопување на ИПАРД I Програмата и ИПАРД II Програмата.

Во однос на оваа потточка се надоврза г-дин Шаклев кој побара информации во врска со објавување на уште еден повик од ИПАРД I Програмата, кој го одредува процентот од 20% од средствата за механизација и дали доколку останат средства од Мерката 101 ќе се вратат во ЕУ или ќе може да се пренаменат.

Директорката на АФПЗРР одговори дека нема да има повеќе повици од ИПАРД I Програмата, процентот од 20% за механизација е одреден во самата програма и повраток на средства нема да има бидејќи сите ќе се искористат.

Г-дин Тантаров се надоврза на дискусијата во однос на критериумот за поседување на земјиште при поднесување на апликација за механизација, при што Раководителот на сектор за управување со ИПАРД информираше дека во ИПАРД II Програмата ќе има право да аплицира секој земјоделец кој поседува 1 хектар земја.

Врз основа на оваа потточка Комитетот за следење на ИПАРД ги усвои следните заклучоци:

**Заклучок бр. 3:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за последните наоди од спроведување на проектите со осврт на проблемите утврдени при извршување на контролите од страна на ИПАРД Агенцијата.

**Заклучок бр. 4:** Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи Телото за управување со ИПАРД да направи детална анализа за причините за одбивање на проектите до крајот на јуни, 2016 година.

4.4. Во врска со потточка 4.4 од дневниот ред : „Извештај во однос на измените на Секторската спогодба"

Во однос на оваа точка, г-ѓа Герасимова информираше дека е доставено официјално известување, со пропратна документација до Генерален Директорат за земјоделство и рурален развој при ЕК во однос на измените на трансфер на средства од ИПА компонента 5 во ИПА компонента 1, при што одлуката е одобрена, но се очекува финално одобрување на трансверот.

Врз основа на оваа потточка Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 5:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за измените во Секторската Спогодба.

**5. Во врска со точка 4 од дневниот ред: „Информација за спроведување на заклучоците донесени на ИПА Комитет за следење одржан на 11.12.2015"**

Претставникот на СЕП информираше за ИПА Комитетот кој се одржа на 11.12.2015, како и за заклучоците кои се донесени на истиот.

Во отсуство на забелешки, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниов заклучок:

**Заклучок бр. 6:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за заклучоците донесени на ИПА Комитетот за следење одржан на 11.12.2015 година.

**6. Во врска со точка 6 од дневниот ред: „Известување во однос на седма модификација на ИПАРД 2007- 2013 Програма и дискусија за нова модификација"**

Билјана Костовска информираше во однос на седмата модификација на ИПАРД I Програмата која беше одобрена од членовите на Комитетот по пат на пишана процедура. Измената е одобрена од страна на ИПА Комитетот на 17.11.2015 година, додека официјална одлука на ЕК за стапување на промените на сила е донесена на 11.12.2015 година.

**7. Во врска со точка 7 од дневниот ред: „Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД"**

Претставникот на Националниот координатор за авторизација, Александра Симјаноска го информираше Комитетот за следење на ИПАРД за функционирањето на системот за управување и контрола. Во текот на 2015 година Секторот за управување со средства од ЕУ спроведе 4 верификациски посети и внатрешни ревизии од кои во Националниот Фонд при Министерство за Финансии е извршена 1 внатрешна ревизија, во рамките на Ипард Агенцијата се извршени 7 внатрешни ревизии, додека во Телото за управување со ИПАРД се извршени 2 внатрешни ревизии. Од страна на Телото за ревизија е издадено неквалификувано мислење за функционирањето на системот.

Врз основа на оваа точка Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за функционирање на системот за управување и контрола.

**8. Во врска со точка 8 од дневниот ред: „Активности за техничка помош"**

**8.1 Во врска со потточка 8.1 од дневниот ред : „Прогрес за активности од АПТА"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Виктор Младеновски го информираше Комитетот за следење на ИПАРД за прогресот за активностите од АПТА (Акцискиот План за Техничка помош).

Во отсуство на забелешки, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 8**: Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за напредокот за активности од Акцискиот План за Техничка помош.

**8.2 Во врска со потточка 8.2 од дневниот ред : „Прогрес за активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2015"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Ангел Карапетров, го презентираше Планот за активности за комуникација и публицитет на ТУ за 2016 година.

Во отсуство на забелешки, Комитетот за следење на ИПАРД го донесе следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за напредокот на активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2007-2013 за период од јули до декември 2015 година.

**8.3 Во врска со потточка 8.3 од дневниот ред : „Усвојување на Годишен Комуникациски план за 2016"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Ангел Карапетров, го презентираше Годишниот Комуникациски план за 2016.

Врз основа на оваа потточка Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Одлука бр. 3**: Комитетот за следење на ИПАРД го одобри Годишниот Комуникациски план за 2016 година.

**9. Во врска со точка 9 од дневниот ред: „Информација/дискусија за тековна евалуација "**

Раководител на Сектор за управување со ИПАРД, Билјана Костовска информираше за тековната евалуација, односно за првиот состанок кој го оддржа Комитетот за евалуација во јули 2015 година. За истиот е изготвен Нацрт Записник кој беше доставен на коментари до сите членови на Комитетот.

Во однос на оваа точка Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 10**: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за тековната евалуација на ИПАРД Програмата.

**10. Во врска со точка 10 од дневниот ред: „Разно"**

Во однос на оваа точка не беше покрената дискусија.

**11. Во врска со точка 11: „Предлог на Дневен ред за следниот (18ти) пролетен состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за негово одржување"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Билјана Костовска, предложи дневен ред за 18от пролетен состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, додека за датумот на негово оддржување членовите на Комитетот ќе бидат дополнително информирани, откако истиот ќе биде договорен со ЕК.

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| Ванчо Костадиновски | Билјана Костовска |
| Титула: Претседател | Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 13.12.2016 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО * СКОПЈЕ *

## Листа на присутни на 17 ти Комитет за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ванчо Костадиновски | МЗШВ | | | √ | Билјана Костовска | 0 |
| **ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Соња Трајкова | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | МЗШВ | | | √ | Г-ѓа Билјана Б. Златеска | 0 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-дин Уљуси Шерифи | МЛС | | √ | | | 4 |
| 6. | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | | | √ | Г-ѓа Дана Петреска | 0 |
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | МК | √ | | | | 0 |
| 8. | Г-ѓа Ардиана Абази - Рамадани | МЕ | | | √ | Г-дин Лукман Шакири | 0 |
| 9. | Г-дин Блажо Јаневски | Агенција за храна и ветерина | √ | | | | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 10. | Г-ѓа Билјана Петкоска | МЖСПП | √ | | | | 0 |
| | | **АГЕНЦИИ** | | | | | |
| 11. | Г-дин Игор Златков | **АПРЗ** | √ | | | | 0 |
| 12. | Г-дин Љубиша Николовски | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | | | √ | Г-дин Никола Таневски | 0 |
| | | **ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ** | | | | | |
| 13. | Г-дин Васко Ристовски | **Стопанска комора на Македонија** | | √ | | | 2 |
| 14. | Г-дин Огнен Оровчанец | **Агробизнис комора при Сојуз на стопански Комори на РМ** | | √ | | | 1 |
| 15. | Г-дин Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | √ | | | | 0 |
| 16. | Г-дин Стеванче Јорданоски | **Федерација на фармери на Македонија** | √ | | | | 0 |
| 17. | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | √ | | | | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | 0 |
| 19. | Проф. Д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | | | √ | Проф. Д-р Ана Котевска | 0 |
| 20. | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | √ | | | | 0 |
| 21. | Г-ѓа Оливија Штерјова | **Комора на занаетчии** | | √ | | | 2 |
| 22. | Проф д-р Душан Спасов | **Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип** | | √ | | | 3 |
| 23. | Г-дин Ефтим Шаклев | **Асоцијација на земјоделци** | √ | | | | 0 |
| 24. | Г-дин Петар Ѓоргиев | **Рурална мрежа на Р.М** | √ | | | | 0 |
| 25. | Г-ѓа Робертина Брајаноска | **Македонско еколошко друштво** | √ | | | | 0 |
| | **ВКУПНО** | | 14 | 6 | 5 | | |

## Прилог 2: Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД

**Претставници од државни институции:**

- Андријана Велевска - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Маја Лазареска - Сектор за ЕУ
- Александар Андовски - Кабинет на ЗПВРМ
- Катерина Крстевска - Кабинет на Премиер на РМ
- Елена Готовска - Кабинет на Премиер на РМ
- Панче Арсов, Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР);
- Влатко Поповски, Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР);
- Јордан Бугарски, Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР);
- Славче Милошевски, Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР);
- Владимир Христов, Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР);
- Никола Димитровски, Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР).

**Претставници од Ревизорско Тело:**

- Весна Младеновска – Сектор за ревизија за компонента V – ДЗР
- Елизабета Савдовска - Сектор за ревизија за компонента V-ДЗР

**Претставници на ИПА проект за воведување на нови ИПАРД мерки- LEADER и Советодавни услуги:**

- Donald Aquilina – експерт за советодавни услуги.